# INCREASE OF THE INTENSITY OF ILLEGAL MIGRATION IN NORTH AFRICA THROUGH WEST-BALKAN ROUTE IN 2017 AND ITS INFLUENCE OF SMUGGLING OF MIGRANTS

**Toshe Panov**
**Gordana Panova**

**Abstract:** This paper addresses the problem of illegal migration, smuggling of migrants and its links to organized crime with an overview of legal and other mechanisms that govern this issue.

This paper investigated and analyzed the existing situation regarding the illegal crossing of the state border on the basis of available statistical data especially in recent years and the upcoming wave of migrants which in 2017 is expected to be very large dimensions and measures to be taken to counter illegal migration.

Interior Ministry together with other ministries and state authorities, in cooperation with regional countries and international organizations, especially the European Union and the United Nations exploiting and developing all existing capacities and potentials both in national, regional and international frameworks, create and develop modern organization, methodology and technology to counter all types and forms of illegal migration.

Modern national system of countering illegal migration, it is necessary to be highly competent, motivated and loyal civil servants, be composed of efficient and flexible organizational structure, high standards and clear procedures of conduct, effective legislation, developed infrastructure and communications.

The purpose of this paper is to clarify the structure of the problem of smuggling of migrants, recognizing its importance in the context of organized crime and the measures to be taken for combating the smuggling of migrants and advance the fight against this type of organized crime.

**Keywords:** illegal migration, smuggling of migrants, organized crime

# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИНТЕНЗИТЕТОТ НА ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ОД СЕВЕРНА АФРИКА И БЛИСКИОТ ИСТОК ПРЕКУ ЗАПАДНОБАЛКАНСКАТА РУТА ВО 2017 г. И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ НА КРИУМЧАРЕЊЕТО НА МИГРАНТИ

**Тоше Панов**
д-р на правни науки, Кочани – Македонија,
**Гордана Панова**
ФМН-УГД,Штип-Македонија, gordana.panova@ugd.edu.mk

**Апстракт**: Овој труд го обработува проблемот на илегалната миграција, криумчарењето на мигранти и неговата поврзаност со организираниот криминал со преглед на правните и други механизми кои ја уредуваат оваа проблематика.

Во овој труд се истражуваат и анализираат постоечките состојби во врска со незаконското преминување на државната граница на основа на достапните статистички податоци особено во последните години и претстојниот бран на мигранти кој во 2017 година се очекува дека ќе биде во многу големи размери и мерките кои треба да се превземат за спротивставување на илегалната миграција.Министерството за внатрешни работи заедно со другите министерства и државни органи, во соработка со државите од регионот и мегународните организации, а пред се Европската унија и ООН искористувајки ги и развивајки ги сите постоечки капацитети и потенцијали и тоа како во националните, регионалните и интернационалните рамки,создава и развива современа организација, методологија и технологија за спротивставување на сите видови и облици на илегалната миграција.Современиот национален систем на спротивставување на илегалната миграција неопходно е да биде составен од високо компетентни, мотивирани и лојални државни службеници, да е составен од ефикасна и флексибилна организациска структура, високи стандарди и јасни процедури на постапување , ефикасна правна регулатива, развиена инфраструктура и комуникации.

**ЦЕЛ** на овој труд е расветлување на структурите на проблемот со криумчарењето на мигранти, препознавање на неговото значење во контекст на организираниот криминал и мерките кои треба да се превземат за сузбивање на криумчарењето на мигранти и што поуспешна борба со овој вид на организиран криминал.

**Клучни зборови**:илегална миграција, криумчарење мигранти, организиран криминал

## ВОВЕД

Во моментот милиони мигранти чекаат да го преминат Медитеранот и да пристигнат во Европската унија.Ако Европската унија, сега во почетокот на 2017 година, не ги спречи неконтролираните миграции, наскоро нема да има што да контролира.

Спрема веројатноста да се случи, најголемата глобална опасност и во 2017 година се заканува од миграцијата од голем размер, што ја зголемува опасноста,пред се, од заразни болести, организираниот криминал и тероризмот.

Илегалните миграции кои земаат се поголем замав се заеднички проблем кој бара солидарност и заедничко решавање.

Министерствата за внатрешни работи и одбрана на 13 европски земји, во Виена, во месец февруари 2017 г. ги разгледуваа припремите за можноста од нов бран на мигранти кои се очекуваат во почетокот на оваа година. На овој состанок кој беше свикан од Австриските министри за внатрешни работи и одбрана учествуваа и нивни колеги од Хрватска,Унгарија, Романија,Чешка,Полска,Словачка ,Словенија,Албанија, Србија, Македонија,Грција и Косово. Некои од овие земји беа цел и транзитна земја за бегалците.

Миграциите од Азија и Африка спрема Европа кои започнаа во 2011 г.кои се интензивираа во 2014 г. достигнаа неочекувани размери во 2015 и 2016 година. Тие мораат да се вметнат во сплетот на причините за ризикот и заканата за безбедноста во многу држави и региони во светот, па и во Македонија. Ризикот го дополнуваат и несоодветните и задоцнети антимиграциони мерки на Европската унија, како и отсуството на потребното ниво на корпоративниот пристап во решавањето на наведениот проблем.

Миграциите се мултидисциплинарен и сложен феномен кој денес влијае на сите земји во светот. Сите суверени земји во светот се или точки на потекло, транзит или одредиште за мигрантите, а многу често и сите три истовремено.Македонија како земја низ која криминалните активности се одвиваат по западно-балканската рута не е крајно одредиште на илегалните мигранти туку е транзитна земја како дел од секундарното движење во која привремено се задржуваат на патот кон европските земји.

## МАКЕДОНИЈА-ЦЕНТАР НА ЗАПАДНО-БАЛКАНСКАТА РУТА

Македонија е една од најзагрозените земји, затоа што се наога во центарот на западно-балканската миграциона рута. Преку неа поминаа готово сите мигранти од нестабилните подрачја на Северна Африка и Средниот и Блискиот Исток кои се упатиле кон земјите на Западна и Северна Европа. Од економски аспект товарот кој Македонија го носи во текот на оваа криза секој ден станува се поголем и потежок. При тоа,извор на дестабилизацијата на економската сигурност на земјата, можат да претставуваат социјални давања и прилив на ефтина работна сила.

Миграциите не се само чисто зголемување на опасноста од зголемениот тероризам.

Криумчарењето на мигранти и трговијат со луге станува се помасовно кривично дело кое воедно е и извор на високи нелегални приходи.

Криумчарењето на мигранти /EN.,,Smugling,,/и означува илегален увоз или извоз е криминална дејност, кривично дело и незаконски облик на миграција.

Според званичните информации, војно-полициските патроли, кои ја обезбедуваат државната граница спрема Грција и спрема Р.Србија и во изминатите шест месеци се осуетени над сто обиди за криумчарење на мигранти.

Треба да се очекува дека претстојниот период ќе биде обележан со зголемување на исламистичкиот екстремизам кој ќе биде пропратен со друг вид на екстремизам-десничарскиот. Задоцнетите или несоодветните мерки на глобално и регионално ниво, ја доведуваат во опасност и Македонија. Обновувањето на границите на некои земји на ЕУ, подигнувањето на огради и други најавени мерки укажуваат на тоа дека доколку тој тренд продолжи, некои европски држави ќе бидат позатворени отколку пред обединувањето, што може да доведе до тоа земјите од западен балкан да станат подрачје во кое ќе се сливаат реки од мигранти.

Миграциите исто така го зголемуваат и ризикот од внатрешните и мегудржавните конфликти, но и на глобално ниво.

Проаѓајки низ Македонија, голем број на мигранти од земјите во кои се водат војни и во кои се ситуирани разни терористички групации расте и ризикот од тероризам и во Република Македонија.

Затоа, Македонија како транзитна земја има пред себе озбилна задача мегу мигрантите да ги идентификува потенцијалните или правите терористи. Површниот пристап или отстапувањето од него може да предизвика несогледиви последици.

Во последните децении Македонија се соочува со сите видови мигации: надворешни и внатрешни, присилни и доброволни, легални и нелергални.

Актуелната мигрантска ситуација е во спротивност на националниот интерес на Македонија, како заради економските можности така и заради потенцијалните безбедносни ризици.

Постои опасност, мигрантите кои ќе успеат на подолг период да се задржат или да се ситуираат во Македонија со тек на време да станат криминализирана групација, но исто така и значаен неформален политички фактор, кој се стреми да влијае на случувањата и ориентацијата на земјите домакини, со масовни ненасилни и насилни протести/ како штое случај во одредени градови во Р.Бугарија/ и со терористички чинови.

Стратершки, правно и институционално уредената област на миграцијата е од исклучително значење за нејзиниот социјално-економски систем, исполнување на неопходните услови за придружување кон ЕУ, но и за функционирањето на безбедносно и одбранбениот сектор.

Според податоците добиени од МВР во Македонија имало регистрирани 14.210 мигранти, во 2014 година имало регистрирано 32.166 мигранти и во 2015 г.имало 694.679 мигранти.

*Табела 1.Регистрирани бегалци кои се пријавиле за азил во Р.Македонија*

| ПЕРИОД | | Бегалци пријавени за азил |
|---|---|---|
| Од 19 јули 2015 | 31 декември 2015 | 388 233 |
| Од 01 јули 2016 | 07 март 2016 | 89 623 |

Податоци добиени од МВР

Според УХЦР овие податоци се однесуваат за периодот од 01.01.2015 до 31.03.2016г.

Според податоците добиени од МВР во периодот од 19 јуни до 31 декември 2015 година 388.233 бегалци се регистрирале со намера да се пријават за азил во Македонија, додека од 01 јануари 2016 г. До 07 март 2016 година 89.623 бегалци регистрирале ваква намера.Бегалците најчесто доагале од Сирија-55%, Авганистан 26%, Ирак 16% и од Иран,Пакистан ,Палестина и Сомалија вкупно 3%.

*Табела 2. Земји на потекло на бегалците кои побарале азил во Р.Македонија во периодот од 01.01.2015 до 07.03.2016*

| Земја на потекло | Број на регистрирани бегалци | Процент на учество |
|---|---|---|
| Сирија | 262 821 | 55 % |
| Авганистан | 124 242 | 26 % |
| Ирак | 76 467 | 16 % |
| Иран, Пакистан, Палестина, Сомалија | 14 326 | 3 % |
| Вкупно | 477 856 | 100 % |

Постои несовпагање на податоците затоа што сите бегалци во почетокот на 2015 година не беа евидентирани дека бараат азил.

На 08 март 2016 г.Западно-балканската рута официјално беше затворена за бегалците.Влезот за бегалците беше запрен и Грција имаше обврска да ги депортира сите бегалци кои пристигнале по полноќ на 20 март 2016 година назад во Турција.

Во тој период илјадници бегалци беа заглавени на македонската гранична линија, бидејки границите беа затворени.Според УХЦР во периодот мегу февруари и март 2016 година, 1.160 бегалци биле заглавени во прифатниот центар Винојуг-Гевгелија и транзитниот центар Табановце како резултат на затворените граници.Повеќето од нив особено жените и девојките и изгубените и непридружуваните деца и слично биле изложени на насилство и присила.

Сепак, според одредени податоци кои се неофицијални во 2016 година кога некои европски држави ги затворија своите граници, околу 200 бегалци и други мигранти останаа заробени во Македонија и зачудува фактот на кој начин и како тие ги поминале границите на Република Македонија кон Република Србија од погоре наведениот број/1.160/додека во Грција останаа повеќе од 60.000, а во Србија се смета дека останале од 6-10.000 мигранти.

**ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Појавата на илегалната миграција низ Република Македонија во изминатите години значително еволуира, во поглед на земјите на потекло на мигрантите, бројот на регистрирани мигранти, структурата на лицата кои

поминуваат низ државата, како и модусот на преминување низ државата. Во изминатиот период, значително се зголемува бројот на мигранти кои потекнуваат од земјите на Северна Африка и Блискиот Исток кои ја користат “Западно-балканската рута“ од Турција преку Грција, Македонија, Србија до државите членки на Европската унија. Во периодот 2013-2015 година во континуитет се регистрира зголемување на илегално преминување на границите на Република Македонија, како на влез од Република Грција, така и на излез кон Република Србија. Бројот на мигрантите повеќекратно се зголемува во текот на 2015 година, кога сè повеќе се користи Република Македонија како дел од западнобалканската транзитна рута. Република Македонија не претставува крајна дестинација за мигрантите и е дел од секундарното движење на мигрантите од земјите на Северна Африка и Блискиот Исток, кои само привремено се задржуваат во патувањето до крајната цел во западно-европските држави. При транзитирањето низ територијата на државата, мигрантите влегуваат преку грчко-македонската граница на југоистичниот дел, додека излез остваруваат на македонско-српската граница во северисточниот дел. Ситуацијата со илегалната миграција во Република Македонија се менува во јуни 2015 година со усвојувањето на измените во Законот за азил и привремена заштита“ со што на мигрантите им е овозможено да искажат намера за поднесување барање на право на азил во рок 72 часа или да ја напуштат територијата на државата во овој рок. Со оваа мерка на мигрантите им се овозможува да преминуваат низ Република Македонија легално со користење на јавен превоз, додека државата го контролира протокот на мигрантите со евидентирање на влезот и излезот преку границата. Оваа промена значително го намалува криумчарењето на мигрантите и барањето на услуги за преминување на преку територијата на државата кај криминалните групи.

Криумчарењето на мигрантите низ Република Македонија се интензивира со зголемувањето на бројот на мигрантите кои ја користат “западно– балканската“ рута, со што се зголемуваат регистрираните кривични дела на давање услуги при преминување на територијата на државата од страна на локалните криминални групи и поединци. Во периодот 2013 – 2015 година се регистрира постојано зголемување на кривичните дела на илегална миграција, „криумчарење мигранти“ и „организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти.“ Оваа појава е карактеристична до месец јуни 2015 година со измените на Законот за азил и привремена заштита кога криминалните групи и поединци престануваат да бидат активни. Активностите на криминалните групи повторно започнуваат со воведување на селективниот пристап на пропуштање на мигрантите, при што на влез во Република Македонија се пропуштаат само мигранти кои се категоризираат како бегалци и потекнуваат од воените подрачја на Блискиот Исток (Ирак, Сирија и Авганистан), додека на другите националности кои се третираат како економски мигранти им е забранет влез.

**КРИМИНАЛНИ ГРУПИ ЗА КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ**

Во Република Македонија мигрантите кои влегуваат илегално, влезот го остваруваат на јужната граница на државата со Република Грција. Криминалните групи сè повеќе обезбедуваат услуги за криумчарење мигранти со цел избегнување на граничните контроли и регулативите за миграција. При преминувањето на територијата на државата најчесто се помогнати од локалното население.При транзитот низ државата, најчесто ги користат услугите на организираните криминални групи кои им ги нудат услугите за одредени финансиски средства. Криумчарењето на мигранти е високо профитабилен бизнис, во кој криминалците се соочуваат со ниско ниво на ризик за откривање и казнување, со што оваа криминална активност станува сè поатрактивна во криминалните кругови. Криминалните групи стануваат организирани на поголемо ниво, остваруваат поголеми профити, создаваат професионални мрежи кои ги надминуваат државните граници и региони. Повеќето нелегални мигранти бараат помош од криминалните групи во избегнувањето на граничните контроли, кои остваруваат профит на сметка на тоа. Како резултат на зајакнатите гранични контроли, мигрантите се откажуваат од обидот за самите илегално да ги преминуваат границите и самите се пренасочуваат во рацете на криминалните групи. Државната граница со Република Грција, мигрантите ја преминуваат со лица водачи, со чија помош влегуваат на територијата на Република Македонија. Овие лица остануваат во напуштени објекти близу државната граница од каде што се превземаат од лица превозници кои за одредена финансиски средства ги превезуваат низ територијата на Република Македонија до северната граница со Република Србија. Мигрантите во близина на границата со Република Србија остануваат неколку дена, до организирање на преминување на границата со Србија. Во пограничните населени места локалните жители им наплаќаат за нивниот престој, како и за помагањето во преминување на државната граница кон Република Србија.

Локалните криминални групи кои го олеснуваат преминувањето на државната граница и транспортот низ Република Македонија, покрај соработката со криминални групи од Грција и Србија, соработуваат со поединци и криминални групи од Авганистан и Пакистан кои престојуваат во Грција и Турција како организатори на патувањето на мигрантите. Тие регрутираат водачи помеѓу мигрантите кои ги обучуваат како да патуваат низ рутата на транспорт. Македонските државјани се инволвираат во фазата на транспорт од јужната до северната граница со Србија. Средствата за транспорт вклучуваат патнички возила, комбиња, но често се користи и јавниот транспорт со автобус и воз. Илегалната миграција станува се повеќе организирана, додека криумчарењето мигранти добива транснационален карактер. Влегувањето на илегалните мигранти во државата преку грчко – македонската граница го олеснуваат „водичи“ кои ги пренесуваат мигрантите преку граница, кои потоа веднаш се враќаат назад во Грција. Илегалните мигранти се преземаат од други лица кои го организираат понатамошниот транспорт низ државата или обезбедуваат привремен престој за мигрантите во објекти или засолништа во близина на државната граница, додека не бидат преземени од транспортери кои треба да ги превезат до северната граница.

**ЦЕНА ЗА ТРАНСПОРТ НА МИГРАНТИТЕ**

За услугата за транспортирање на мигрантите преку територијата на државата од Грција до Србија се наплаќа од 400 до 1.200 евра за лице,за услугата на транспортирање до Германија се наплаќа околу 2.000 евра,а за Шведска и Норвешка цената е уште поголема и изнесува од 3.000 до 4.000 евра.

Паричните средства за плаќање на услугите на криминалните групи за превезување, мигрантите многу често ги добиваат преку услугите на финансиските институции за брз трансфер на пари. Овие средства се плаќаат од страна на лица од Грција и Авганистан, кон лица кои престојуваат во Република Македонија со признато право на азил. Со воведувањето на селективниот пристап на пропуштање на мигрантите бегалци, на сметка на економските мигранти, сѐ повеќе карактеристично станува фалсификувањето документи на државјани од Сирија, Ирак и Авганистан. Главна рута низ државата која се користи при криумчарењето на мигрантите е патниот правец Гевгелија – Валандово – Демир Капија – Неготино – Велес – Скопје – Куманово, а додека како споредна рута на движење при криумчарење се користи патниот правец од Гевгелија – Валандово преку Струмица, Радовиш, Штип, Свети Николе до Куманово.

**ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОПЕРАТИВНИ ДЕЈСТВИЈА СПРЕМА КРИУМЧАРИТЕ НА МИГРАНТИ**

Во текот на 2016 година од страна на Министерството за внатрешни работи на РМ беа превземени повеќе оперативни дејствија ,а во месец јуни 2016 година македонската полиција откри мрежа на криумчари на мигранти и уапси 19 лица мегу кои и 5 полицајци.Операцијата беше со коден назив ,,Којот,, и беше спроведена во 24 места во Скопје,Неготино, Велес и во Гевгелија.

Осомничените се обвинети за криминал,трговија и злоупотреба на службената положба.Мегу петтемина полицајци е и заменик началникот на полициската станица во Велес. Ова нешто само го негира она што напред е наведено дека за ефикасно спротивставување на илегалната миграција ,покрај другото се потребни мотивирани и лојални државни службеници.За жал во Македонија на овој план треба уште да се работи.

**МЕРКИ ЗА ЕФИКАСНО СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА И КРИУЧАРЕЊЕТО НА МИГРАНТИ**

Во Република Македонија во текот на 2016 година е изготвена Проценка на закани од сериозен организиран криминал од страна на МВР во кој се наведени и мерките за ефикасно спротивставување на криумчарењето на мигранти како дел од организираниот криминал.

И во 2017 година, Република Македонија ќе остане дел од секундарното движење преку западно – балканската рута за мигрантите кои потекнуваат од државите на Северна Африка и Блискиот Исток. Во неможноста да ја преминат територијата на Република Македонија, мигрантите ќе бидат принудени да побараат услуги од локалните криминални групи кои активно ќе се вклучуваат во криумчарењето на мигранти. Организираните криминални групи ќе останат вклучени во криминалната област во зависност од условите на окружувањето во кое ќе делуваат. Поврзувањата со криминални групи од соседството ќе влијае на улогата на локалните криминални групи во оваа криминална област ,посредување во илегален влез на лице во држава во која тоа лице не е државјанин за одредена финансиска или друга материјална корист.

Еден од основите за ефикасно спротивставување против криумчарењето на мигранти е и ефикасната правна регулатива. Кривичниот законик на РМ кривичното дело ,,Криумчарење на мигранти,, го има регулирано во членот 418-б и неговиот посложен облик во чл.418-в.

За овие кривични дела во нашиот Кривичен законик се запретени доста ригорозни казни за кои може да се каже дека се најригорозни казни во регионот.
За пример ќе ја наведам Р.Србија каде што судовите изрекуваа и условни осуди за аматерите-криумчари па од тие причини во моментот од страна на Министерството за правда на Р.Србија се предлагаат доста ригорозни казни и тоа казната која изнесуваше од шест месеци до пет години која беше предвидена во чл.350 од нивниот Кривичен Законик од страна на министерството за правда се предлага да биде од една до осум години, а за кривичното дело криумчарење на мигранти кое че го стори група или ќе настане со злоупотреба на положбата се предлага казна од две до дванаесет години затвор, наместо досегашната казна од една до десет години затвор, а доколку тоа го стори организирана криминална група се предлага казна затвор од три до 15 години.
Во Република Македонија од страна на судовите за кривичните дела ,,Криумчарење на мигранти,, од чл.418-б во поголем број на случаеви се изрекуваа минималните запретени казни.
Сепак решавањето на овие проблеми не е само во Кривичниот законик и големите затворски казни туку во апсолутната координација на државните органи, значи во цврстата контрола на државната граница каде што војно-полициските сили се во можност да ги апсат криумчарите и кои добро соработуваат со обвинителствата надлежни спрема местото на сторувањето на овие кривични дела.потребно е криумчарите да се приведуваат и против нив да се изготвуваат квалитетни обвинителни акти кои ќе се проследуваат до судот, а потоа на судот се дава слобода да казнува во склад со поголеми казнени распони.
Сепак, најголемиот товар во спречувањето на нелегалната миграција го носат полицијата и војската.

**ЗАКЛУЧОК**

Од погоре наведеното можеме да заклучиме дека интерес на Македонија е мигрантите долго да не се задржуваат. Во спротивно во околностите на антимиграционото однесување на поедини членки на ЕУ, Македонија ке западне во мултидимензионална криза од која тешко ќе се извлече доколку бројот на мигрантите го надмине нивото на економската, социјалната и безбедносната издржливост на земјата.
На крајот да напоменам дека бранот на мигранти кој се очекува да дојде од Северна Арика најдобро ќе биде спречен доколку се постават кампови за бегалците во Северна Африка.

**ЛИТЕРАТУРА**

1.Протокол против криумчарење на мигранти по копнен,воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал(МД-70/04-1)
2.Проценка на закани од сериозен и организиран криминал-МВР Скопје 2016 г.
3.Кривичен законик на РМ –интегрален текст/,,Сл.весник на РМ.бр.37/96...199/14
4.http:/www.mvr.gov.mk/vest 1195
5.http>//Europa.eu/rapid/press-release MEMO-16-1664 en.htm.
6.IOM,World Migration 2005,Section 3,International Migration Data and Statistics,418
7.Salt,J, ,,Current trends in International Migration in Europe,, Council of Europe 2001
8.www.iom.int/documents,publication/wmr_sec03.pdf